РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УП1 Број: / Numer: 08-211
17.07.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, арх.бр.01-3632/1 од 22.08.2025 година, Барањето за издавање решение за бришење од регистарот на радиодифузери, доставено од адвокатот, како полномошник на Друштвото за радиодифузна дејност, трговија и услуги ЕКО РАДИО ДООЕЛ Пробиштип, наш арх.бр.03-2718/1 од 9.7.2026 г., Изјава за престанување со емитување на радио програма од единствениот основач/сопственик и управител на радиодифузерот, наш арх.бр.03-2718/2 од 10.7.2026 г. (бр.УЗП 2583/2026 од 10.7.2026 г.) и Заклучокот арх.бр.02-2771/3 од 16.7.2026 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 26. седница одржана на 16.7.2026 година, донесе

## Решение
## за бришење од регистарот на радиодифузери

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Друштвото за радиодифузна дејност, трговија и услуги ЕКО РАДИО ДООЕЛ Пробиштип.

2. Решението се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија” и на веб страницата на Агенцијата.

3. Ова решение влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за радиодифузна дејност, трговија и услуги ЕКО РАДИО ДООЕЛ Пробиштип (ЕКО РАДИО Пробиштип), е имател на дозвола за радио емитување, Уп1 бр.08-120 од 7.9.2023 година (со период на важност од 5.1.2024 г. до 4.1.2027 г.), кој емитува програма преку терестријален предавател (Пробиштип Кала, 88.8 MHz) на локално ниво, на подрачјето на општина Пробиштип, програмски сервис музичко-говорно радио од општ формат, на македонски јазик.

Адвокат Катерина Макреска Петковска, како полномошник на ЕКО РАДИО Пробиштип, по електронски пат, на 8.7.2026 г. на официјалната е-маил адреса (contact@avmu.mk) на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) достави Барање за издавање на решение за бришење на ЕКО РАДИО Пробиштип од регистарот на радиодифузери (наш арх.бр.03-2718/1 од 9.7.2026 г.), наведувајќи дека истото е потребно за постапка за ликвидација.

Во врска со напред наведеното, од страна на адвокатот, полномошник на наведениот радиодифузер, по електронски пат, до АВМУ беше доставена Изјава од единствениот основач/сопственик и управител на ЕКО РАДИО Пробиштип – Дарко Пановски (заверена на нотар) наш арх.бр.03-2718/2 од 10.7.2026 г. (бр.УЗП 2583/2026 од 10.7.2026 г.), дека радиодифузерот од 06.07.2026 г. престанува со емитување на радио програма.

Согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), дозволата за радио емитување престанува да важи по сила на закон со писмена изјава на имателот со која се известува Агенцијата дека престанува

со емитувањето на радио програма. За престанок на важност на дозволата за радио емитување по сила на закон Советот не носи одлука. Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да важи по сила на закон (член 85 став 2 од ЗАВМУ).

Следствено на наведеното, а имајќи го предвид членот 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од ЗАВМУ, со доставување на напред цитираната писмена изјава, исполнети се законските услови за престанување на важноста на дозволата по сила на закон, по што Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот ЕКО РАДИО Пробиштип, од регистарот на радиодифузери.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од ЗАВМУ, а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Барањето за издавање решение за бришење од регистарот на радиодифузери, доставено од адвокатот, како полномошник на Друштвото за радиодифузна дејност, трговија и услуги ЕКО РАДИО ДООЕЛ Пробиштип, наш арх.бр.03-2718/1 од 9.7.2026 г., Изјава за престанување со емитување на радио програма од единствениот основач/сопственик и управител на радиодифузерот, наш арх.бр.03-2718/2 од 10.7.2026 г. (бр.УЗП 2583/2026 од 10.7.2026 г.) и Заклучокот арх.бр.02-2771/3 од 16.7.2026 г., се донесе решение како во диспозитивот, кое влегува во сила веднаш.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- Друштвото за радиодифузна дејност, трговија и услуги ЕКО РАДИО ДООЕЛ Пробиштип;
- Управителот на Друштвото за радиодифузна дејност, трговија и услуги ЕКО РАДИО ДООЕЛ Пробиштип;
- Адвокат Катерина Макреска Петковска, полномошник на ЕКО РАДИО Пробиштип;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика;
- Сектор за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1 и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.